Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 21 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, како и Андријана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам,

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за давање заем на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кој ќе се трансформира во влог во Друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на Друштвото, со текст на Договор за заем

2. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за давање заем на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кој ќе се трансформира во влог во Друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на Друштвото, со текст на Договор за заем и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за давање заем на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, кој ќе се трансформира во влог во Друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на Друштвото, со текст на Договор за заем (заемот да се трансформира во траен влог, доколку истиот не се врати до 31 декември 2024 година).

2. Се задолжува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на единствениот акционер на Друштвото–Влада на Република Северна Македонија, да склучи Договор за заем.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство средствата во износ од 100.000.000 денари да ги префрли на сметка на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:05 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **Александар Николоски** |